Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Ул. "Македонија" бр. 5, 1000 Скопје | тел. 02/3 218 130 факс. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr. 5, 1000 Shkup | tel. 02/3 218 130 faksi. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk

_______________

_______________

СКОПЈЕ

Судскиот совет на Република Северна Македонија, постапувајќи по Извештајот за констатирана состојба бр. од .. година, а во врска со Барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност на ЉКС, судија на ОГС С. бр. од .. година, поднесено од страна на М.Ж. ДООЕЛ Скопје, преку полномошник адвокат АИМ од Скопје, врз основа на чл.69 ст.1 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр.102/19), на седницата одржана на ден 06.11.2024 година, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ ЗАПИРА** постапката по Барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност на ЉКС, судија на ОГС С. бр. од .. година, поднесено од страна на М.Ж. ДООЕЛ Скопје, преку полномошник адвокат АИМ од Скопје.

### О б р а з л о ж е н и е

Од страна на М.Ж. ДООЕЛ Скопје, преку полномошник адвокат АИМ од Скопје, доставено е Барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност на ЉКС, судија на ОГС С.бр. од .. година.

Барањето се поднесува поради нестручно и несовесно работење на ЉКС, судија на ОГС С., во постапувањето по предметот III ВПП2.бр., со повреда на одредбите од Законот за судовите и тоа, чл.76 ст.1 т.4 - без оправдани причини не ги закажува рочиштата во предметите кои му се доделени во работа или на друг начин ја одоговлекува постапката; чл.76 ст.1 т.6 - земе во работа предмет кој не му е распределен преку автоматизираниот компјутерски систем за управување со судски предмети во судовите и чл.76 ст.1 т.7 - намерно и неоправдано направи крупна професионална грешка.

Во барањето се изразува сомнеж во законитоста при распоредувањето на предметот III ВПП2.бр. на судијата ЉКС, од причина што по добивање на предметот на судијата и биле потребни повеќе од 4 месеци истиот да го закаже.

Се укажува дека во предметот била побарана времена мерка за обезбедување парично побарување со однапред договорени и безицирани недвижности помеѓу страните. Судечкиот судија побарал зголемување на вредноста на спорот со цел да се отежне времената мерка на предлагачот и истиот да се откаже поради високата вредност, иако постапувањето по предметот било согласно одредбите од Законот за вонпарнична постапка и во примена била тарифа Законот за судски такси.

Се наведува дека првата расправа закажана за ден .. година била одложена поради здравствени проблеми на судијата, за што бил известен само противникот, но не и предлагачите.

Првата расправа била одржана на ден .., 4 месеци по добивање одговор од спротивната страна.

Расправата закажана за ден .. година била одложена поради присуство на судечкиот судија на задолжителна обука во Академијата за судии и јавни обвинители, но за отсуството не биле известени ниту странките, ниту претседателот, замeникот претседател и секретарот на судот, па се изразува сомнеж во тенденциозност за одолговлекување на постапката и постапување спротивно на чл.3 од Законот за обезбедување на побарувањата, според кој е предвидено дека постапката за обезбедување е итна.

Се укажува и на грешка во изготвувањето на конечна одлука за наводни примени средства од над 74.078,00 евра, иако за тоа немало докази во предметот, ниту имало доказ за уплата, ниту извод, ниту од двата доставени вешти наоди произлегувало такво нешто и поради тоа времената мерка била одбиена.

Во прилог кон барањето како предлог докази што треба да се изведат на расправата се доставени: Решение III ВПП2.бр. од .. година; Записник од расправа III ВПП2.бр. од .. година; Записник од расправа III ВПП2.бр. од .. година; Записник од расправа III ВПП2.бр. од .. година; Записник од расправа III ВПП2.бр. од .. година и Записник од расправа III ВПП2.бр. од .. година.

Комисијата на известители постапувајќи согласно чл.63 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, на ден .. година одржа состанок на кој по разгледување на поднесеното барање и увид во доказите приложени кон истото констатира дека барањето е навремено, целосно и не е очигледно неосновано, и во смисла на чл.63 ст.7 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија одлучи да поднесе Известување за утврдената фактичка состојба до Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Известувањето за утврдената фактичка состојба е доставено до Судскиот совет на Република Северна Македонија и заведено под бр. од .. година.

На 483-та седница на Судскиот совет на РСМ, одржана на ден .. година, согласно чл.63 ст.6 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, Комисијата на известители го презентираше Известувањето за утврдената фактичка состојба и Совет на седницата донесе одлука, постапката за утврдување на одговорност на ЉКС, судија на ОГС С., бр. од .. година да продолжи.

Со допис бр. од .. година, Комисијата на известители предметното барање за утврдување на одговорност во прилог со доказите го достави на произнесување до судијата.

Во законски предвидениот рок, судијата достави Одговор на барањето за поведување на постапка за утврдување одговорност, заведено во Советот под бр. од .. година, во кое се наведува дека дека предметот III ВПП2.бр. бил оформен по предлог за определување на привремена мерка поднесен од предлагачот М.Ж. ДООЕЛ Скопје, застапуван од полномошник адвокат АИМ од Скопје, против противникот Б. Б. ДОО Скопје, примен во ОГС С. на .. година. Со предлогот се барало да се обезбеди побарување во вкупна вредност од 163.035,00 Евра (од кои 25.807,00 Евра побарување за веќе завршена работа и 137.228,00 Евра побарување по склучен договор за проектирање, испорака и монтажа на електрични патнички лифтови и една платформа за инвалидизирани лица). Во предлогот била наведена вредност на спор 40.000,00 денари и бил доставен доказ за платена судска такса во висина од 800,00 денари.

Укажува дека истиот ден кога бил поднесен предлогот за определување на привремена мерка односно на .. година, поднесен бил и засебен поднесок со кој полномошникот на предлагачот адвокат АИМ од Скопје го информирала судот дека ќе користи годишен одмор од .. година до .. година и од .. година до .. година.

Посочува дека како судечки судија користела годишен одмор (преостанати денови од годишен одмор за 2022 година) во период од .. година до 28.06.2023 година. Поточно во моментот на прием на предметот во судот била на годишен одмор.

Нагласува дека предметот бил примен од нејзина страна како судечкиот судија на ден .. година (прв ден по враќање од годишен одмор) видно од резолуција на предлогот и увид во електронското досие по предметот во АКМИС системот.

Напоменува дека истиот ден по приемот на предметот и запознавење со содржината на истакнатиот предлог судот со писмено од .. година се обратил до полномошникот на предлагачот за уредување на предлогот, односно точно определување на висината на паричното побарување чие обезбедување се бара со издавање на привремената мерка и согласно истото уплата на соодветна судска такса за предлог.

Додава дека на .. година достатавено било уредување на предлог од страна на полномошникот на предлагачот каде биле уредени вредноста на спорот на 9.308.652,00 денари и доставен бил доказ за извршена доплата на судска такса во износ од 23.200,00 денари.

Дополнува дека веднаш по приемот на писменото судот на .. година со писмо доставил предлог со докази и покана за одговор на предлог до противникот за негово запознавање и произнесување, како круцијален аспект на начелото на двостраност на постапката.

Прецизира дека на .. година доставен бил одговор на предлог од страна на противникот, а неколку дена подоцна вратена била доставницата за уреден прием од страна на противникот на предлогот за определување на времена мерка со докази и покана за давање одговор на предлог.

Потенцира дека одговорот на предлог со докази веднаш по приемот во судот бил експедиран до полномошникот на предлагачот и од негова страна бил уредно примен на .. година.

Образложува дека како судечки судија користела годишен одмор за 2023 година во период од .. година до .. година.

Појаснува дека по создавање на услови односно уреден прием на судските писмена од двете странки, имајќи ги предвид спротивставените наводи во предлогот и одговорот на предлог, истакнати од предлагачот и противникот и утврдената потреба од страна на судот за одржување на расправа поради правилно утврдување на фактичката состојба, судот веднаш по враќањето на повратницата на .. година, со наредба на од ден .. година закажал расправа.

Предочува дека Полномошникот на предлагачот на ден .. година доставил обемен поднесок со докази кој на .. годинина бил експедиран до полномошникот на противникот.

Наведува дека расправата закажана за .. година била одложена поради како што е наведено во записникот оправдано отсуство на судечкиот судија. Појаснува дека на .. година кој ден бил нејзин судечки ден, имала закажано поголем број на судења и истите до 12 часот ги одржала. Поради нејзината здравствена состојба - дискус на вратен рбет и тоа во зона од Ц4 до Ц7 (зона на вратна кичма) на .. година и била извршена магнетна резонанца, од кои причини поради здравствен преглед последните судења во денот биле одложени.

Истакнува дека следната расправа по предметот била одржана на .. година, на која било предјавено вештачење од страна на противникот.

На ден .. година полномошникот на противникот доставил до судот поднесок со вештачење.

Укажува дека на расправата од .. година доставен бил до полномошникот на предлагачот поднесок од полномошникот на противникот од .. година со прилог вештачење и истовремено на истата расправа од страна на полномошникот на предлагачот доставен бил поднесок за прецизирање на предлогот за определување на привремена мерка и доставено било вештачење кое било врачено на полномошникот на противникот, па поради потребата од запознавање со содржината на доставените докази, расправата била одложена за .. година.

Нагласува дека закажаната расправа за … година била одложена поради нејзино отсуство како судечки судија на обука организирана од Академијата за судии и јавни обвинители. Појаснува дека како судија со помал судиски стаж имала должност да посети 10 задолжителни обуки во текот на годината. Една од обуките на која била пријавена била и дводневна обука организирана од страна на Холандската Амбасада и Академијата за судии и јавни обвинители, за која известување за денот и часот на нејзиното одржување добила два дена пред одржување на обуката. Поради потребата од исполнување на критериумот за десет задолжителни часа обука и со оглед дека обуката била одржувана од странски обучувачи и известувањето за истата било непосредно пред нејзиното одржување, расправата за .. година била одложена за 10.11.2023 година.

Појаснува на Судскиот совет на РСМ дека расправите по конкретниот предметот биле насрочувани и во непарни датуми, иако како судечки судија суди во парни датуми се со цел за побрзо постапување, бидејќи во парните датуми односно во нејзините судечки денови претходно биле исполнети сите термини.

Истакнува дека на расправа од .. година странките имале дадено свои наводи, изведени биле предложените докази и веднаш била донесена одлука - решение III ВПП2.бр. од .. година со кое предлогот за определување на привремена мерка за обезбедување на парично побарување бил одбиен како неоснован.

Против наведеното решение жалба имал поднесено полномошникот на предлагачот на .. година. Предлагачот во определениот законски рок не извршил уплата на судска такса ниту за одлука ниту за жалба, од кои причини преку полномошникот на предлагачот доставени му биле две опомени за плаќање на судски такси.

Посочува дека полномошникот на предлагачот на ден .. година доставил две засебни барања од кои едно за одлагање плаќање такса за жалба и одлука до правосилноста на постапката и второ барање за враќање на повеќе уплатена судска такса.

Наведува дека судот веднаш со решение од .. година се произнел по таквите барања на предлагачот и го одбил барањето за одлагање плаќање судска такса за жалба и одлука и барањето за враќање на повеќе уплатена такса. Решението III ВПП2.бр. од .. година било веднаш експецирано до полномошниците на учесниците и од страна на полномошникот на предлагачот вложена била жалба и против тоа решение, која жалба исто така уредно била експедирана до и примена од страна на полномошникот на противникот.

Со поднесок од .. година полномошникот на предлагачот ги вратил во судот опомените за плаќање на судски такси.

Наведува дека судот повторно извршил два последователни обиди за достава на опомените за плаќање судски такси лично до предлагачот кои останале безуспешни, судските писмена биле вратени со назнака „известен не побарал", по што нивната доставата била извршена преку огласна табла на судот. По истекот на законските рокови судот побарал присилна наплата на судските такси преку УЈП и по вратен

доказ, биле создадени законски претпоставки за експедирање на списите на предметот во АС С., за одлучување во жалбена постапка.

Истакнува дека од страна на предлагачот со неплаќање на судската такса за жалба и враќањето на примените опомени за уплата на судска такса од неговиот полномошник, оневозможен бил судот да го испрати предметот по жалба, со кое поведение самиот предлагач придонел кон одолговлекување на постапката и било нужно судот дополнително да превземана дејствија на достава и присилна наплата за кои било потребно дополнитено време.

Со решение ТСЖ.бр. од .. година на АС С., одбиени биле како неосновани жалбите на предлагачот и решенијата III ВПП2.бр. од .. година и III ВПП2.бр. од .. година биле потврдени.

Образложува дека од содржината на решението III ВПП2.бр. од .. година и решението ТСЖ.бр. од .. година на АС С. како и по увид во списите на предметот и доказите содржани во истиот, Судскиот совет непречено ќе имал можност да се запознае со причините за донесената одлука која била потврдена од повисокиот суд.

По уреден прием на второстепената одлука од страна на полномошниците на предлагачот и противникот ставена била потврда на правосилност, а потоа и потврда на извршност на решението III ВПП2.бр. од .. година.

Укажува дека подносителот на барањето се повикувал на: чл.76 ст.1 т.4 од Законот за судовите дека судијата без оправдани причини не ги закажува расправите во предметите кои му се доверени во работа или на друг начин ја одолговлекува постапката. Чл.76 ст.1 т.6 од Законот за судовите, земе во работа предмет кој не му е распределен преку автоматизираниот компјутерски систем за управување со судски предмети во судовите. Чл.76 ст.1 т.7 од Законот за судовите, намерно или неоправдано направи крупна професионална грешка.

Во барањето било наведено дека предлагачот се сомневал во законитоста при распределувањето на предметот кај судечкиот судија ова од причина што по добивање на предметот потребни биле четири месеци за истиот да се закаже, поради што се сомневал дека судијата нема да постапува независно и самостојно туку во договор со спротивната страна.

Истакнува дека таквите наводи биле целосно неосновани бидејќи најпрво распределувањето на предметите се вршело преку автоматизиран систем за распределба на судски предмети со кое нешто судијата нема допирна точка. Судијата ги примал предметите кои поминале на автоматска распределба, заведени биле во уписник, оформена била папка и движен бил предметот во АКМИС системот кај судечкиот судија по што од страна на судскиот службеник физички му бил предаден предметот на судијата на постапување, во кој момент судијата се запознава со предметот и го прифаќа во движење во АКМИС системот. Истовремено потенцира дека во моментот на поднесување на предлогот како судечки судија имала користено годишен одмор. Второ како судечки судија согласно горенаведената хронологија на настани веднаш првиот ден по добивање на предгогот имала превземено соодветни дејствија согласно закон и во целост почитувајќи ги законски определените рокови и итниот карактер на постапката. Од извршен увид во списите на предметот Судскиот

совет непречено ќе бидел во можност да утврди дека од моментот на прием на предметот до неговото завршување од нејзина страна сите дејствија биле превземени навремено и експедитивно, стручно и професионално. Приемот на предлог за определување привремена мерка истовремено не значел веднаш закажување на расправа. Судот ја испитувал уредноста на предлогот, како во конкретниот случај превземени биле дејствија за уредување на вредноста на спорот и доплата на судска такса согласно Законот за судски такси, на што судот бил обврзан да внимава, а потоа веднаш бил експедиран предлогот до спротивната страна на одговор.

Појаснува дека предлозите за определување на привремена мерка поднесени пред поведување на постапка (односно без тужба) биле во функционална надолежност на Вонпарничниот оддел на ОГС С. и истите по произнесување на противникот можеле да бидат одлучени по одржана расправа или вон расправа (чест случај било да бидат донесени решенија вон расправа, секако по оцена на исполнетост на законски предвидените услови). Одржувањето на расправа зависиле од потребата за правилно утврдување на фактичката состојба за кое нешто ценел судечкиот судија кој постапувал по предметот, а не значи дека задолжително по секој поднесен предлог судот одржува расправа. Од нејзина страна по детална и совесна анализа на содржината на предлогот и доказите доставени кон истиот како и одговорот на предлогот и доказите доставени кон него утврдена била потреба од закажување и одржување на расправа бидејќи наводите на двете странки биле спротивставени. Расправата била закажана веднаш по создавање услови за такво нешто, односно по уреден прием на предлогот и одговорот од двете страни.

Наведува дека во барањето подносителот се повикувал на сомнеж како што навел во „независноста и самостојноста на судијата". Таков сомнеж предлагачот не изразил во рамки на судската постапка, истиот не побарал нејзино изземање како судечки судија, ниту навел образложени причини на кои би го засновал таквото свое тврдење. Оттука, изнесените наводи биле паушални и силно се спротивставува на истите бидејќи како во тој така и во секој друг предмет постапувала совесно, непристрасно, објективно, внимавајќи како на запазување на процесните постулати и правата на учесниците во постапката, така и на достоинствениот, културен и професионален однос кој бил еднаков кон сите учесници во постапката и бил во насока на запазување на достоинството на судската функција која ја обавувала.

Посочува дека предлагачот не правел дистинкција помеѓу предлог за определување на привремена мерка за обезбедување на побарување согласно Законот за обезбедување на побарувањата и предлог за поведување на вонпарнична постапка согласно Законот за вонпарничната постапка од кои причини во барањето се обидувал да создаде забуна повикувајќи се дека судот одлучувал во вонпарнична постапка. Согласно организацијата за работа на ОГС С., времените мерки кои се поднесуваат пред поднесување на тужба (т.н. голи времени мерки) ги одлучувале судиите од Вонпарничниот оддел на ОГС С. Тоа воопшто не значело дека се работи за вонпарнична постапка (ниту поднесениот предлог се однесувал за лични, семејни, имотни или други правни состојби и односи уредени со Законот за вонпарнична постапка) како што невистинито прикажувал подносителот на барањето, туку се работело за предлог согласно ЗОП по кој соодветно се применувале одредбите од ЗПП.

Укажува дека апсолутно бил невистинит наводот во барањето на подносителот дека првата расправа била одржана 4 месеци од добивање одговор од противникот.

Појаснува на Судскиот совет дека полномошникот на предлагачот одговорот на предлог од противникот со докази го примил на ден .. година и веднаш по вратена доставница со наредба од .. година била закажана расправа за .. година. Потенцира дека како погоре наведено полномошникот на предлагачот имал посочено на кои термини користи годишен одмор од кои причини подолго време немало вратено доставница од негова страна за уреден прием на одговорот на предлог од противникот, со кој било нужно да се запознае.

Во горенаведената хронологија на дејствија, детално имала образложено од кои причини биле одложени две расправи кои причини биле објективни, во првиот случај се работело за влошена здравствена состојба што можело да се случи секому и не можело да се предвиди, а неопходно било да се дијагностицира и третира, а во вториот случај посета на дводневна обука за која видно од маил комуникацијата Судскиот совет можел да утврди кога била известена дека ќе се одржи.

Истакнува дека Академијата за судии и јавни обвинители за секоја обука па и конктерната испраќала известување до претседателот на судот, кои судии биле пријавени да земат учество со кое известување претседателот на судот бил запознаен. Идентична била ситуацијата и во конкретниот случај и не може да подлежи на поинаков третман како што наведува предлагачот да биде известен секретарот на суд, потпреседател на судот, предлагачот лично и сл.

По однос на наводите за намерна и крупна професионална грешка во конечната одлука затоа што времената мерка била одбиена како неоснована и не било одлучено во полза на подносителот, смета дека се апсурдни, бидејќи самото образложение на решението III ВПП2.бр. од .. година содржело доволно образложени причини за донесената одлука кои кореспондираат со изведените докази. Впрочем потврда за тоа било и решението ТСЖ.бр. на АС С. со кое биле потврдени двете првостепени решенија III ВПП2.бр. од .. година и III ВПП2.бр. од .. година.

Во барањето било наведено дека со одложување на постапката и одбивање на времената мерка била причинета штета затоа што постапката губи од итност. Таквиот навод бил нејасен и контрадикторен сам по себе, имено тоа што бил поднесен предлог за определување на привремена мерка не значело дека во секој случај судот бил должен да ја усвои, а во спротивно причинува штета и постапката губи од итност. Судот смеел да ја усвои само онаа предложена привремена мерка за која врз сеопфатна анализа на доказите ценел дека ги задоволува кумулативо определените законски услови, што не било случај во конкретниот предмет. Тоа што судот не нашол основ за определување на привремена мерка и го одбил предлогот не можело да биде основ за одговорност на судијата, ниту значело дека водената постапка изгубила од итност.

Смета дека напротив од анализа на хронологијата на превземените дејствија од страна на судот/судечкиот судија ќе се утврдело дека по предметот постапувала итно, во куси временски интервали дотолку повеќе што и покрај огромниот број на судечки предмети (за кој судскиот совет имал увид) дејствијата од страна на судот биле превземани веднаш, а расправите биле насрочувани во исклучително куси временски интервали, како што било и горе наведено во неколку несудечки денови на судијата затоа што тоа биле единствени слободни термини, а се со цел запазување на начелото на итност на постапката.

Посочува дека иако Судски совет имал увид во податоците преку АКМИС системот, смета за потребно да посочи на бројот на примени предмети од нејзина страна како судечки судија во период од месец 06 до 11 месец 2023 година , во кој период во работа имала примено 355 нови предмети и имала дадено норма од 301 предмет, која норма била двојна па во одредени месеци и тројно поголема од проектираната со Одлуката за утврдување на орјентационен број на предмети што требало да ги реши судијата секој месец донесена од страна на Советот. И покрај нормата која ја давала секој месец, бројот на предмети кои ги имала во работа континуирано надминувал број од 450/500 предмети, кое нешто се должело на намалениот број судии распределени во Вонпарничниот Оддел, како послецица на недостатокот на судии во ОГС С. Тоа го посочува во насока дека со надчовечки напори како судија се трудела да го совладам приливот на предмети кој бил огромен, но и покрај таквиот обем на работа постапката III ВПП2.бр., за која било поднесено барањето, целосно бил запазен карактерот на итност, сите дејствија од нејзина страна биле превземани веднаш и расправите биле закажувани во исклучително кратки временски интервали.

Укажува дека од наведените причини предлага Судскиот совет по запознавање со содржината на одговорот, да ги прибави списите на предметот III ВПП2.бр. на ОГС С. и да изврши извиди во електронското досие на предметот во АКМИС Системот, за да се увери во погоре изнесената динамика на превземаните дејствија од нејзина страна како судечки судија и дека сите дејствија биле преземани навремено, итно, совесно, чесно, непристрасно , професионално и одговорно, да ги има на увид сите записници за водената постапка и сите поднесоци со причози за да биде во можност да ја утврди комплексноста на предметот по кое е одлучувано и да донесе соодветна одлука.

Исто така предлага Судскиот совет доколку цени за потребно да прибави податоци од ОГС С. во кој временски интервал во месец јуни 2023 година како судечки судија имала користено денови од преостанат одмор од 2022 година (односно дека прв работен ден по користењето на стариот одмор бил .. година) на кој ден бил примен и веднаш постапен предлогот од нејзина страна, во кои денови од месец август 2023 година имала користено годишен одмор за 2023 година, како и да прибави од Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" од Скопје известување за посета на обука од .. и .. година.

Во прилог на произнесувањето по барањето, судијата ги достави следните докази: Барање за користење годишен одмор; Решение СУ.бр. од .. година на ОГС С.; По потреба увид во АКМИС системот за одржани и одложени судења на ден .. година; Извештај радилошки наод на ЈЗУ Здравствен дом Скопје-Поликлиника Чаир од .. година; Медицинска докумантација за здравствена состојба - дискус на вратна кичма: Картон за физикални терапии, Лекарски извештај за електромиографски и неврографски наод; Маил комуникација од АСЈО со известување за одржување на обуката од .. година и Програма на обуката и сертификат за успешно завршена обука.

Писменото произнесување од судијата е доставено до подносителот на ден .. година, а беше закажана и расправа во врска со предметното барање за ден .. година.

На расправата закажана за ден .. година Комисијата констатира дека од повиканите лица не се јави никој.

Не се јави подносителот на барањето, ниту пак ангажираниот полномошник, нема доказ дека се уредно известени.

Не се јави судијата ЉКС, нема доказ дека е уредно повикана.

Претседателот на комсијата ги запозна присутните дека се направени обиди и се превземени дејствија во насока повиканите лица да бидат известени. Од страна на ОГС С. до Судскиот совет е доставен поднесок со кој се известува Комисијата дека судијата ЉКС користи право на годишен одмор сметано од .. година до .. година.

Комисијата едногласно констатира дека нема услови денес закажаната расправа да се одржи.

Комисијата донесе Решение расправата се одлага за ден .. година во 10.00 часот.

На расправата закажана за ден .. година се констатира дека се присутни претседателот и члeновите на Комисијата, адвокат АИМ - подносител на барањето и ЉКС, судија на ОГС С. против кого се води постапката.

Комисијата смета дека нема пречки за расправата да се одржи и донесе решение истата да се одржи.

Пред почетокот на расправата Комисијата коснатира, а видно од списите од предметот, дека барањето е уредно и навремено доставено до судијата, примено од нејзина страна, а исто така од страна на судијата е доставен писмен одговор до Комисијата кој навремено е примен и доставен од подносителот на барањето.

Се прочита барањето за поведување дисциплинска постапка изјавена против судијата ЉКС со дополнително доставениот поднесок од .. година и се повика поднсоителот да се произнесе.

Подносителот на барањето изјави дека по 3 месеци од поднесена времена мерка со зголемена уплата на судска такса добиле покана итно за .. година во 13.15 часот дека е закажано рочиште. Поради тоа било поднесеното барање за утврдување одговорност, за тоа што ако се работи за времена мерка расправа се закажува како прво рочиште, а не како последно кое не се ни одржало од причини наведени на судечкиот судија. Побара Судскиот совет да утврди кога судечкиот судија добил упат и зошто не биле известени дека нема да се одржи расправа, зошто се предизвикани трошоци, да се прибави тој упат, во доказите под бр. За наредната расправа која била одложена предложи да се повика судијата ИАК која била присутна во утврдувањето на моментот дали претседателот на судот бил известен дека нема да се одржи рочиштето, да се има во предвид дека вторпат расправа била само за времена мерка, и да се утврди дали наврмено тоа отсуство било пријавено и како тужените знаеле за двете расправи дека нема да се одржат, а тие не знаеле како странки. Посочи кога ќе се расчистат сите моменти Судскиот совет да утврди дали со таквото постапување на судот понатаму странките може да имаат доверба дека правилно ќе се суди и ќе се постапува согласно одредбите на законските прописи или ќе се изгуби смисла и дополнително да се утврди дека согласно чл.10 од ЗПП судот е должен да ја спроведе целата постапка без непотребно изложување на трошоци на странките кои плаќаат и се спремаат да ги

искажат своите ставови пред судот. Истакна дека останува на предложените докази. Предложи да се сослуша судија ИАК, за тоа дали претседеталот на судот бил запознат со одлагање на закажаното рочиште за ден .. година.

По однос на поднесениот предлог Комисијта ќе се произнесе во фаза на доказна постапка.

Се прочита писмениот одоговор сочинет од страна на судијата, која изјави дека останува во целост на наводите дадени во писмениот одговор, појаснувајќи дека во одговорот се наведени сите спорни моменти поврзани со наводите во барањето и не би сакала дополнително да ја обременува постапката, освен накратко појасни дека на .. година и била направена магнетна резонанца на рбет, има доставено дел од документација како се развивала нејзината здравствена состојба, за во месец Март годинава целосно и се одзема левата рака. Закажаното рочиште за .. година било одложено поради влошена здравствена состојба за што веќе во одговорот има дадено појаснување и докази, а која здравствена состојба дава оправдување за објективна немоќност. Дополнително појаснува од апсект што подносителот е во својство на странка почесто во Г.С. и самата имала прилика да ја почуствува или осети нејзината здравствена состојба при случајното разминување во просториите на судот, со медицинското помагалао ставено на нејзиниот врат.

На прашање од комисијата, судијата појасни дека непосредно 2 дена пред одржување на веќе закажанното рочиште и било обезбедено термин за здравствен преглед - магнетна резонанса, кој термин требало да го испочитува затоа што тешко се доаѓа до истиот. Наведе дека останува на предложените докази.

Подносителот на барањето упати прашање дали Судскиот совет смета дека треба за правилно разгледување на доказите доставени во одговор на барањето да се достави упатот од .. година во целосна копија, од причина што во доказите упатот бил сликан само во еден дел. Од тој дел не се гледале главните податоци, ниту во колку часот бил извршен прегледот, бидејќи на тој ден била одложена времената мерка. Дали била правилно одложена и дали се смета за потребно да се утврди од која причина итната времна мерка со зголемена уплата на судска такса била закажана во 13.15 часот како прво рочиште, како последен предмет за судење.

Претседателот на Комисијата констатира дека нема дополнителни прашања, па согласно тоа Комисијата донесе решение да се изведат доказите.

Се изврши увид во предложените докази од страна на подносителот, и тоа: увид во Решение 3 ВПП2.бр. од .. година, увид во записник од рочиште за времена мерка од .. година.

Се прочитаа следните докази: Решение III ВПП2.бр. од .. година; Записник од расправа III ВПП2.бр. од .. година; Записник од расправа III ВПП2.бр. од .. година; Записник од расправа III ВПП2.бр. од .. година; Записник од расправа III ВПП2.бр. од .. година; Записник од расправа III ВПП2.бр. од .. година; Барање за користење годишен одмор; Решение СУ.бр. .. година на ОГС С,.; Број на упат ВЛОС картон за лекување на име на судијата; Лекарски извештај од .. година; Известување за обука од .. година со прилог протокол за обуката и Увид во Сертификат за посетена обука.

По однос на предлогот денес даден од страна на подносителот за изведување на доказ со сослушување на сведокот судија ИКА, на околности дали бил запознат претседателот на судот дека нема да се одржи кажаното рочиште за ден .. година, Комисијата се повлече на советување, по што едногласно донесе решение истиот да не се прифати, бидејќи нема влијание во утврдување на фактичката состојба.

Судијата ЉКС не предлага нови докази, па со тоа доказната постапка заврши.

Подносителот на барањето адвокат АИМ во своите заврши зборови наведе дека во предметот  не се постапувало согласно одредбите за итност кои ги предвидува Законот за обезбедување на побарување. За двете одложени расправи према сето тоа што било изложено смета дека требало да бидат известени дека судијата не бил во здравствена состојба да го одржи рочиштето или дека судечкиот судија на .. година доставил пријава за обука во Акдемија за судии и јавни обвинители и поради тоа расправата  нема да се одржи. Останува на предлогот упатот да се достави во целосна форма затоа што главните оправдувања во вака доставена  форма ги нема. Меѓутоа, е доставено барање да се утврди дали во случајот се постапувало во предметот со законски одредената итност и длаи биле изложени на трошоци неоправдано, спротивно на чл.10 од ЗПП. Побара барањето да биде уважено.

Судијата ЉКС во своите завршни зборови наведе дека смета дека не постојат условите предвидени во чл.76 ст.1 т.4 т.6 и т.7 на којшто се повикува подносителот. Појасни дека од нејзина страна сите дејствија во предметот биле превземени итно и во определените законски рокови. Одлагањето на двете расправи било од објективни причини и самото одлагање не го менува карактерот на итност на постапката со оглед дека расправите биле одложени за исклучително краток временски интервал. На Судскиот освет му е познат бројот на предметот кој што ги работи, на судиите во ОГС С. и со бројка од 500 активни предмети од кои мноштвото имаат карактер на итност, бидејќи постапува во вонпаричниот оддел на ОГС С. каде согласно законот најголемиот дел од предметите се со итен карактер. Имајќи го предвид наведеното има направено надчовечки напори за постаопката да се заврши до во кус временски интервал за што зборува и направена паралела со должината на траењето на постапките за времени мерки во останатите оддели. Смета дека одбивањето на времната мерка поради неисполнување на законските претпоставки за нејзино определување  не може да  биде причина за барањето кое што исклучиво се сведува на револтот поради која што врмената мерка била одбиена.

Врз основа на сите списи и нивна сеопфатна анализа, како и доказите изведени на расправата, Комисијата на известители согласно чл.67 ст.1 и ст.2 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр. 102/19) до Советот поднесе Извештај за констатирана состојба по Барањето бр. од 18.10.2024 година.

Советот на седница одржана на ден .. година расправаше по Извештајот на Комисијата и утврди дека во конкретниот случај не се утврдени околности кои би укажале дека ЉКС, судија на ОГС С., во постапувањето по предметот III ВПП2.бр. сторила повреда на одредбите од Законот за судовите и тоа, чл.76 ст.1 т.4, 6 и 7, поради што се одлучи како во изреката на оваа одлука.

Се констатира дека нема намерен или субјективен придонес на судијата за времетраењето на постапката при постапувањето по предметот, како предмет од итна природа, бидејќи во континуитет биле преземани дејствија од нејзина страна, а отсуствата на судијата биле оправдани. Од друга страна, организационата слабост на странката дала свој придонес за одолговлекувањето на предметот.

Со оглед дека пресудата содржи доволно образложени причини за решителните факти од кои се раководел судот и како таква истата е јасна, разбирлива и во целост подобна за испитување, наводите во барањето за утврдување на одговорност произлегуваат како незадоволство на подносителот од донесената одлука.

Одлучено од Судски совет на Република Северна Македонија на 06.11.2024 година.

**ПРАВНА ПОУКА:** Право на жалба до Советот за одлучување по жалба при Врховниот суд на Република Северна Македонија против одлуката на Советот, има само судијата, односно претседателот на судот за кого е поведена постапката за утврдување на одговорност, во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Весна Дамева**

**Изготвил,** АР
**Одобрил,** м-р ИН